ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА
ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН
Бр. 08-484/2
27.12.2022 год.
ШТИП

ИСТОЧЕН РЕГИОН
ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

# ЗАПИСНИК

од Втора форумска сесија во Источен плански регион

**Датум: 26.12.2022, Место: Хотел Изгрев, Час: 11:00**
**Присутни граѓани:** Вкупно: 50
Мажи: 20 Жени: 30 Ранливи групи: нема
**Модератор** Ѓорѓи Велковски, **Ко-модератор** Андреа Златковска

**Програма на сесијата** (точки, според дневниот ред на дадената сесија):

| | |
|---|---|
| 10:30-11:00 | Пристигнување и регистрација |
| 11:00-11:15 | Обраќања<br>- Иван Јорданов – Градоначалник на општина Штип<br>- Зујица Ангелова – Директор на Центар за развој на Источен плански регион |
| 11:15-11:30 | - Преглед на претходната сесија и работата меѓу сесии<br>- Презентирање на целите на сесијата и осврт на оценката од претходната сесија |
| 11:30-12:30 | - Презентација на предлог концептите подготвени од страна на надворешниот експерт, а финансирани од Програмата за регионален развој за 2023 година со индикативни средства за 2024 година на МЛС и БРР<br>1. Инсталација на фотоволтаични системи на јавни објекти во Источен плански регион<br>2. Регулација на дел од коритото на река Брегалница во општина Делчево<br>3. Заштита на животната средина преку изградба на фекална канализација во с. Соколарци - II фаза<br>4. Подобрување на условите за развој на туризмот во Источниот плански регион<br>5. Збогатување на туристичката понуда на регионот<br>- Давање на препораки за подобрување на концепт решенијата и прифаќање од страна на форумот |
| 12:30-12:45 | Кафе Пауза |
| 12:45-13:30 | - Презентација на начинот на рангирање<br>- Рангирање по работни маси<br>- Соопштување на резултатите |
| 13:30-13:45 | Оценка на форумската сесија |
| 13:45 | Коктел |

**Тек и содржина на сесијата**

*Клучни презентации, говори, дискусии и предлози од граѓаните (по точки од дневниот ред)*

На почетокот на форумската сесија се обрати модераторот Ѓорѓи Велковски кој откако се претстави и го претстави ко-модераторот, ги поздрави присутните, им посака добредојде и успешна работа на форумот.

Модераторот даде збор на Иван Јорданов, градоначалник на општина Штип. Градоначалникот откако ги поздрави присутните, им посака топло добредојде и кажа дека благодарение на финансиската поддршка од страна на Швајцарската агенција за развој и соработка во Македонија и Министерство за локална самоуправа, како и техничката поддршка на Центарот за развој на Источен плански регион, денес имаме можност да го реализираме вториот регионален форум на заедницата, каде преку структурирани дискусии учесниците на форумите ќе дискутираат, ќе даваат препораки и ќе ги приоретизираат предлог концептите за аплицирање за средства од Програмата за рамномерен регионален развој за 2023 со индикативни средства за 2024 година со значење за Источниот плански регион. Истакна дека форумот креира нови партнерства и ја зголемува важноста на граѓаните врз процесите на управување и продуцира конкретна корист на заедницата, преку финансираните проекти. Преку овие мерки очекува да се овозможи партиципативен развој на заедницата и добро регионално управување со примена на структуриран инструмент за граѓанско учество – форумски пристап. На крајот се заблагодари за учество на претставниците од општините на форумот на заедницата во Источниот плански регион и се надева дека на еден инклузивен начин ќе се избере најсоодветниот проект од регионален карактер кој Центарот ќе го реализира до крајот на 2024 година.

Потоа излагање имаше директорката на Центарот за развој на Источен плански регион Зујица Ангелова која искажа благодарност до сите присутни за поддршката во изминатиот период во однос на идентификација и дефинирање на предлог-концептите во 2023 година. Истакна дека по завршувањето на Првата форумска сесија биле посетени сите 11 општини во Источниот плански регион и за разлика од претходната година, оваа година имало изработено многу повеќе техничка документација. Се идентификуваше поголема листа на предлог проекти која ќе ја презентира ко – модераторот Андреа Златковска.

Модераторот потсети дека форумот носи одлуки и е сигурен дека денешните одлуки ќе бидат во најдобра насока за развојот на регионот, потоа побара од присутните да се изјаснат со еден аплауз дали ќе го усвојат записникот од Првата форумска сесија.

Откако присутните со аплауз го усвоија записникот од Првата форумска сесија, се направи резиме за она што се случуваше помеѓу двете сесии. Информираше дека присутните треба да ги пополнат прашањата од евалуацијата што е важно за оцената и ефективноста на оваа сесија.

Модераторот накратко ги сумираше резултатите од Првата форумска сесија, соопшти дека од присутните на претходната сесија најголем процент се изјасниле дека оваа втора форумска сесија е корисна за одржување и развој на регионот.

**На втората форумска сесија треба сите присутни да се:**
- информираат за форумот за процесот на работа помеѓу сесиите,
- да се презентираат и дискутираат концепт решенијата,
- да се дадат препораки во однос на подобрување на концепт решенијата,
- да се приоретизираат предложените концепт решенија на партиципативен начин.

Модераторот истакна дека на 20.12.2022 година на Седницата на Советот за развој на Источен плански регион се презентираа концептите и тоа **шест предлог-концепти** за финансирање од Програмата за РРР за 2023 со индикативно планирани средства за 2024 година, по однос на кои Центарот за развој на Источен плански регион идентификуваше 5 приоритетни предлог-концепти, а последниот концепт (шести) е оставен како резервен. Модераторот им посака успешна втора форумска сесија од која очекува издржани препораки

во однос на подобрување на концепт решенијата.

Модераторот даде збор на ко-модераторот Андреа Златковска, која го приклучи преку платформата ZOOM надворешниот експерт Денис Жерновски за да направи презентација на процесот на анализа на концепт решенијата и се отвори дискусија во однос на концепт решенијата.

1. **Инсталација на фотоволтаични системи на јавни објекти во Источен плански регион;**

За збор се јави Никола Илиев од Општина Штип, кој во однос на овој предлог концепт за поставување на фотоволтаици истакна дека општина Штип бара да се дополни концептот за фотоволтаици со поставување на фотоволтаици на уште еден јавен објект, а тоа е општинската зграда во Штип.

За збор се јави и Даниела Јаковлевска од Општина Виница која истакна дека покрај фотоволтаиците до 40KW на еден објект, сакаат доколку постои можност да се дополни концептот за фотоволтаици со уште еден објект за инсталирање на фотоволаици во Општина Виница.

Надворешиот експерт Денис Жерновски кажа дека сите општини од регионот може да достават свои предлози, но Советот за градоначалници е тој што ќе го има крајниот збор, за која ќе одлучи на Седницата на Совет.

2. **Заштита на животната средина преку изградба на фекална канализација во с. Соколарци - II фаза;**
3. **Регулација на дел од коритото на река Брегалница во Централното градско подрачје во Општина Делчево**;
4. **Подобрување на условите за развој на туризмот во Источен плански регион;**
5. **Збогатување на туристичката понуда на Источен плански регион.**

Во рамките на овој концепт спаѓаат следните туристички понуди:

- Улица во автентичен стил во населба Ново Село во Општина Штип, вкупен буџет 7.858.160,00 денари (од кои 23,646 % кофинансирање);
- Рекреативен комплекс во с. Пишица – вкупен буџет 8.500.000,00 денари;
- Пешачко велосипедска патека на Беровско езеро – вкупен буџет од 3.457.905,00 денари;
- Изградба и уредување на рекреативен комплекс на СРТЦ Пониква – вкупен буџет 8.000.000,00 денари (од кои 10% кофинансирање);
- Барски еко систем Езерце – вкупен буџет 2.826.804,00 денари.

За збор се јави Даниела Јаковлевска од Општина Виница, која предложи проектите на Општина Виница и Зрновци од точката 4 „Подобрување на условите за развој на туризмот“ да бидат споени со точка 5 од предлог концептите „Збогатување на туристичката понуда на регионот“.

Модераторот истакна дека за да биде усвоен овој предлог мора и форумот да го поддржи предлогот на Даниела Јаковлевска, па ги замоли присутните да се изјаснат во врска со предлогот и присутните со аплауз истакнаа дека го прифаќаат предлогот за спојување на концептите 4 и 5 во еден предлог концепт.

Експертот Денис Жерновски истакна дека тоа е возможно доколку има можност од финансиска гледна точка.

Никола Илиев од Општина Штип се јави за збор и истакна дека потребно е сите општини да го зголемат процентот на кофинансирање.

6. **Изработка на физибилити студии и технички документации како резервен концепт.**

За збор се јави Наталија Давчев која праша до кога може да се достави техничката документација за фотоволтаиците. Ко–модераторот Андреа Златковска истакна дека истата

може да се достави најкасно до 10 јануари 2023 година.

Модераторот ги повика присутните да ги пополнат формуларите за бодување на предлог – концептите за да се приоретизираат истите, бидејќи никој не се јави за прашање им даде време на присутните да дискутираат и да се одлучат за кој предлог концепт ќе се одлучат и ќе постигнат консензус.

По завршувањето на приоретизацијата на предлог-концептите во рамките на работните групи, па модераторот ги повика претставниците по работни групи јавно да ги презентираат своите бодови, за да може ко-модераторот да ги внесува во конечната табела и да се утврди конечната приоретизација на предлог-концептите согласно мислењето на учесниците на форумот. Откако сите 6 работни групи ги презентираа своите бодови, конечното рангирање на предлог-концептите по приоритетност е следната:

| Ред. бр. | Наслов на концептот | Партнер | Број на поени | Ранг број |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Инсталација на фотоволтаични системи на јавни објекти во Источен плански регион | Штип, Карбинци, Кочани, Виница, Македонска Каменица | 28 | 1 |
| 2 | Збогатување на туристичката понуда на регионот | Штип, Пробиштип, Пехчево, Берово, Кочани | 23 | 2 |
| 3 | Подобрување на условите за развој на туризмот во Источниот плански регион | Зрновци, Виница | 20 | 3 |
| 4 | Заштита на животната средина преку изградба на фекална канализација во с. Соколарци - II фаза | Чешиново – Облешево | 10 | 4 |
| 5 | Регулација на дел од коритото на река Брегалница во општина Делчево | Делчево | 9 | 5 |

Втората форумска сесија заврши со пополнување на формуларите за евалуација од страна на присутните учесници во 14:10 минути.

**Резултати од евалуација на форумската сесија:**

| **Оцена** | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Број на учесници кои ја дале оцената** | **0** | **1** | **4** | **9** | **29** |
| **Вкупен број на учесници кои пополниле евалуационен прашалник: 43** | | | | | |

**Прилози:**

- ☐ Покана и дневен ред, Листа на учесници – општ список, Листа на учесници по работни маси
- ☐ Фотографии
- ☐ Изјави за медиуми (линкови, објави и сл.)

Записникот го водел
Моника Паневска

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН * ШТИП *

**Прилози** - Табела согласно активности по сесија

**Табела 1.1.** Презентирани концепти и препораки од втората форумска сесија (сесија 2)

| **Препорака -предлог идеа/концепт** | **Препорака за подобрување** | **Забелешка** |
|---|---|---|
| 1. Инсталација на фотоволтаични системи на јавни објекти во Источен плански регион | | Да се дополнат концептот со уште објекти |
| 2. Регулација на дел од коритото на река Брегалница во општина Делчево | | |
| 3. Заштита на животната средина преку изградба на фекална канализација во с. Соколарци - II фаза | | |
| 4. Подобрување на условите за развој на туризмот во Источниот плански регион | Овој концепт да се спои со концепт бр. 5 | |
| 5. Збогатување на туристичката понуда на регионот | | |
| 6. Изработка на физибилити студии и техничка документација | | Резервен концепт |

**Табела 1.2.** Одлуки од форумот на втората форумска сесија

| Ред. бр. | Наслов на концептот | Носител/ Партнер | Буџет (МКД) | Број на поени | Ранг број | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Инсталација на фотоволтаични системи на јавни објекти во Источен плански регион | ЦРИПР / Штип, Карбинци, Кочани, Виница, М. Каменица | 23.375.636,00 | 28 | 1 | |
| 2 | Збогатување на туристичката понуда на регионот | ЦРИПР / Штип, Пробиштип, Пехчево, Берово, Кочани | 27.984.709,00 | 23 | 2 | |
| 3 | Подобрување на условите за развој на туризмот во Источниот плански регион | ЦРИПР / Зрновци, Виница | 11.539.654,00 | 20 | 3 | |
| 4 | Заштита на животната средина преку изградба на фекална канализација во с.Соколарци - II фаза | ЦРИПР / Чешиново - Облешево | 18.214.103,00 | 10 | 4 | |
| 5 | Регулација на дел од коритото на река Брегалница во општина Делчево | ЦРИПР / Делчево | 21.511.000,00 | 9 | 5 | |